| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Catherine Casey | Critical Analysis of Organizations, Theory, Practice, Revitalization | SAGE Publications, London, Thousand Oaks, New Delhi | 2002 |
| | | 2. | (eds.) Thomas D. Lynch and Peter L. Cruise | Handbook of Organization Theory and Management, The Philosophical Aproach 2nd ed.<br><br>Public Administration and Public Policy/116/ | Taylor & Francis, Taylor & Francis Group | 2006 |
| | | 3. | Claus Jacobs (With Forewords by Dr. David Coghlan and Prof. Dr. Ekkehard Kappler) | Managing Organizational Responsiveness Toward a Theory of Responsive Practice | Deutscher Universitäts-Verlag | 2003 |
| | | 4. | Цеј М. Шафриц, Е.В. Расел, Кристофер П. Борик | Вовед во јавната администрација | Pearson Longman | 2009 |
| | | 5. | (Series ed.) Michael Lounsbury<br><br>(eds.) Claudia Bird Schoonhoven, Frank Dobbin | Research in the Sociology of Organizations Vol. 28 Stanford's Organization Theory Renaissance, 1970-2000 | Emerald Publishing Ltd. Howard House, Wagon Lane, Bingley BD16 1WA, UK | 2010 |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на слободен пристап до информации од јавен карактер** |

<table>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Административно право и јавна администрација</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">Втор</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>5/IX</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Стекнати 180 кредити, според ЕКТС<br>Стекнати 240 кредити</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Предметната програма има за цел да ги запознае студентите со режимот кој се однесува на пристапот до податоци од јавен карактер, имајќи предвид дека тоа е еден од основните механизми со кои граѓаните ја контролираат извршната власт. Студентите ќе бидат запознаени со начинот на кој може да се пристапи до информации од јавен карактер, а воедно и со обврските на јавните органи по тој повод. Освен тоа, тие ќе се стекнат со вештини за подготовка на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно истонасловениот закон.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Содржината на предметната програма е соодветна на нејзината цел. Студентите најнапред ќе се запознаат со основните поими во дадената сфера од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: информација од јавен карактер, имател на информација (органите на државната власт или другте органи, односно организации утврден со закон, како и општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица кои вршат јавни овластувања), Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, документ (според Законот), службено лице и тест на штетност. Понатаму, детално ќе бидат проучени случаите во кои граѓаните или правните лица имаат слободен пристап до информација од јавен карактер, но и исклучоците согласно законската рамка на Република Македонија.<br>Откако ќе бидат завршени воведните напомени, подробно ќе биде изложена постапката за пристап до информација од јавен карактер – поднесување на барање (усно или писмено), содржина на барањето, дополнување на барањето, препраќање на барањето, постапување, рок за достава на информацијата и жалба.<br>Освен македонското законодавство, програмата ќе ги опфати и компаративните</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | примери меѓу кои на прво место ќе се јави Директивата 2003/98/ЕК (попозната како Директивата PSI) која ги уредува прашањата за користење на јавните податоци или, според конкретната терминологија, информациите од јавниот сектор. Студентите ќе бидат и мотивирани да ја следат состојбата со законодавството во Европската унија имајќи предвид дека во 2017 година Европската комисија го отпочна процесот на прибирање на мислења од јавноста преку веб-платформа, со цел да се ревидира Директивата. | | | |
| 12. | Методи на учење: | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби со предметен наставник и соработник. Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла.<br>На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 150 часа | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | 15 недели – 52,5 часа теоретска настава, 17,5 часа проектна задача и 80 часа домашно учење | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 3,5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 1,2 часа неделно |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 5,3 часа неделно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 80 бода | |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода | |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | Успешно завршена проектна задача вреднувана со минимум 11 бода | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 2011 |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1 | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Коментар на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Фондација Отворено општество – Македонија | Скопје, 2011 |
| | 2 | | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер | Службен весник на Република | бр. 13/2006, 86/2008, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Македонија | 6/2010, 42/2014, 148/2015 и 55/2016 |
| | | 3 | Lana Ofak | PRAVO NA PRISTUP INFORMACIJAMA KAO PRAVO ZAŠTIĆENO EUROPSKOM KONVENCIJOM I DRUGIM MEĐUNARODNIM UGOVORIMA ZA ZAŠTITU LJUDSKIH PRAVA | Zb. Prav. fak. Sveuč. Rij. (1991) v. 37, br. 2, 921-951 | 2016 |
| | | 4 | | УПАТСТВО за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | | |
| | | 5 | | ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ | Сл. Весник на Р. Македонија, бр.196 од 10.11.2015 година | |
| | | 6 | | Примери од досегашната работа на Комисијата | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | 2009 |
| | | 7 | | ИНФОРМАЦИИТЕ од јавен карактер се за | Комисија за заштита на | 2008 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | давање, а не за чување / | правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | |
| | | 8 | | СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР - УНИВЕРЗАЛЕН ВОДИЧ | КОМСПИ | 2013 |
| | | 9 | | ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Е СЛОБОДЕН | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | 2009 |